РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 25.05.2022
Организ.: 13 | 699/1

**Прилог 1**

( Образец ПП……)

**До:** Одделение за урбанизам на Општина Д-Х
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Со која фирма, Општина Д-Х има склучено договор за поставување на канализациона мрежа во с. Белче, кој го изработи проектот, кои се деталите во договорот, за која цена, рокови и сл.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид (заокружено)
- б) препис
- в) фотокопија (заокружено)
- г) електронски запис (заокружено)
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта (заокружено)
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил (заокружено)
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** Демир Хисар, 25.05 **2022 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 13-699/2
31.05.2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 25.05.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со поставувањето на канализационата мрежа во село Белче, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со поставувањето на канализационата мрежа во село Белче.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 25.05.2022 година под архивски број 13-699/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во Прилог:

-Информација во врска со поставувањето на канализационата мрежа во село Белче

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 31.05.2022 година, под бр. 13-699/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА ВО СЕЛО БЕЛЧЕ-

Во согласност со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот Водоснабдување и одведување на отпадните води („Сл. Весник на РМ" бр. 83/10), Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води („Сл. Весник на РМ" бр. 154/2010), како и Одлуката за изменување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води"(Сл.весник на РСМ бр. 113/15), склучен е Договор за грант помеѓу Министерството за транспорт и врски како нарачател и Општина Демир Хисар како краен корисник, во рамките на Договорот за финансирање Serapis бр. 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска Инвестициона Банка.

Изработен е Проект за инфраструктура од страна на Градежен Институт Македонија-Скопје со техн. бр. ИНГ 002-01-19, кој е одобрен со Потврда бр. 11-261/7 од 30.05.2019 година.

Изработен е основен проект од Градежен Институт Македонија - Скопје со техн. број ИНГ 002-01-19 од март 2019, за кој е издадено одобрение за градење УП1 бр. 11-40 од 15.09-2020 година.

Потпишан е Договор за изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за н.м. Белче, во кој договорни страни се: нарачател – Министерство за транспорт и врски а изведувач – Друштво за градежништво, трговија и услуги Марковски К73 ДООЕЛ Струга.

Финансиската рамка на проектот изнесува вкупно 10.676.752,оо денари со вклучен ДДВ.

Рокот за изградба изнесува шест месеци со право за продолжување на рокот согласно Договорот.

Работите се започнати со Известување за почеток на работите од 11.03.2021 година.

Барањето за продолжување на рокот заради приврашување на постапката за експропријација е одобрено од Министерството за транспорт и врски.

Изработил:

Соња Наумовска, раководител на одделение за урбанизам, заштита на животна средина и комунални дејности

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјановски, раководител на одделение за управување
со човечки ресурси

---------------------------------------------------